# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕОРИЈА И КОНСТРУКЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИ МАШИНИ (ПАРОГЕНЕРАТОРИ; ТОПЛИНСКИ ТУРБИНИ) И ТЕОРИЈА И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ПОСТРОЈКИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 4.6.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: теорија и конструкција на енергетски машини (парогенератори; топлински турбини) и теорија и проектирање на енергетски постројки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1309/2, донесена на 2.7.2015, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Константин Димитров, професор во пензија на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Славе Арменски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Миле Димитровски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: теорија и конструкција на енергетски машини (парогенератори; топлински турбини) и теорија и проектирање на енергетски постројки, во предвидениот рок се пријави д-р Доне Ташевски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје.

6. Биографски податоци и образование

Кандидатот вонр.проф. д-р Доне Ташевски е роден на 4.8.1962 година, во Шумберг, Република Чешка. Средно образование завршил во ЦСО „Мирко Милески“ во Кичево на 17.6.1980 година. Со високо образование се стекнал на Машинскиот факултет во Скопје, во 1985 година. Дипломирал на 27.6.1985 година, со просечен успех 8,42.

Кандидатот активно се служи со англискиот, рускиот и чешкиот јазик.

Во учебната 1986/87 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Машинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил на 27.6.1994 година, со просечен успех 9,4. На 4.4.1995 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Анализа на влијанието на загадувањето на воздухот врз енергетската структура во урбаните средини“.

Докторска дисертација пријавил на 11.6.2003 година на Машинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Оптимирање на бинарни когенеративни постројки со високотемпературни горивни ќелии“ ја одбранил на 12.10.2004 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Константин Димитров, проф. д-р Славе Арменски, проф. д-р Миле Димитровски, проф. д-р Илија Петровски, проф. д-р Александар Мојсовски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На 23.2.2006 година е избран во звањето доцент на Машинскиот факултет во Скопје во областа термотехника и термоенергетика.

Во моментот е со наствано-научно звање - вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 995 од 1.11.2010 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтени бр. 716 од 1.10.1998, 786 од 1.10.2001, 837 од 15.10.2003, 857 од 15.9.2004, 860 од 1.11.2004, 890 од 1.2.2006 и 995 од 1.11.2010, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

7. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Доне Ташевски изведува настава на I циклус студии на насоката термичко инженерство по предметот парни и гасни турбини (топлински трубнини по стар наставен план), на насоката енегетика и екологија по предметите: енергетика и екологија, енергетска ефикасност и експлоатација и одржување на енергетски системи и на насоката применето термичко инженерство изведувал настава по предметите: одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи, енергетски менаџмент, енергетски системи на гасни горива и заштита од пожар и сигурност при работа. На II циклус студии изведува настава на насоката термичко инженерство по предметите: моделирање на процеси на енергетска конверзија и енергетска ефикасност, на насоката енергетика и екологија по предметот општа екологија, а на насоката управување со системи за безбедност и здравје при работа по предметот термопостројки и заштита. На III циклус студии изведува настава по предметите: енергетска ефикасност и современи термоенергетски постројки.

Кандидатот бил ментор на 40 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена и одбрана на 73 дипломски, 11 магистерски трудови и на 1 докторска дисертација.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“, коавтор на 1 научно - популарна книга „Прирачник за производство на пелети и брикети“ и рецензент на 2 универзитетски учебника.

Другите активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Доне Ташевски има објавено вкупно 20 научни трудови од областа на енергетиката, од кои 5 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 труда во меѓународни научни списанија и 12 труда во зборници од научни собири.

Д-р Доне Ташевски бил раководител на 1 национален и учесник на 1 национален научен проект. Учествувал како член во 1 меѓународен научен проект.

Кандидатот бил ментор на 3 магистерски и е ментор на 1 докторанд.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведни во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Доне Ташевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Машинскиот факултет во Скопје. Неговиот придонес во оваа дејност се потврдува преку изработување на голем број проекти, вештачења, стручни ревизии, технички извештаи, елаборати и др.

Кандидатот д-р Доне Ташевски остварил експертски активности во областа на термотехничките инсталации и термоенергетските постројки, односно бил главен проектант на 2 основни проекта, 1 ревизија на проект, 3 стручни вештачења и 22 технички извештаи и елаборати.

Кандидатот е рецензент на учебник за средношколско образование „Топлотна техника“ за II година за четиригодишно стручно образование, рударско-геолошка и металуршка струка.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручната Комисија за енергетска ефикасност при Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и Комисијата за набавки при ЕЛЕМ. Член е на научен одбор на 2 меѓународни и на 4 домашни собири и здруженија.

Д-р Доне Ташевски е раководител на Лабораторијата за топлински турбини на Институтот за термичко инженерство при Машинскиот факултет во Скопје.

Бил член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Другите активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Доне Ташевски, во сите години, а конкретно на 20.1.2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Доне Ташевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Доне Ташевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области: теорија и конструкција на енергетски машини (парогенератори; топлински турбини) и теорија и проектирање на енергетски постројки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Доне Ташевски да

биде избран во звањето **редовен професор** во научните области: теорија и конструкција на енергетски машини (парогенератори; топлински турбини) и теорија и проектирање на енергетски постројки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Константин Димитров с.р.**

**Проф. д-р Славе Арменски с.р.**

**Проф. д-р Миле Димитровски с.р.**

Анекс 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК**
**ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА**

**Кандидат:** **Доне** Јане **Ташевски**

**Институција:** **Машински факултет во Скопје**

**Научна област:** Теорија и конструкција на енергетски машини (парогенератори; топлински турбини) и Теорија и проектирање на енергетски постројки

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.1** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1.1.1 | Енергетика и екологија (ЕЕ нов, М3-1, 2+2) 2014/15 | 1,2 |
| 1.1.2 | Топлински турбини (ТИ, М3-1, 2+2) 2011/14 | 4,8 |
| 1.1.3 | Енергетика и екологија (ЕЕ стар, М3-1, 2+2) 2011/15 | 6,0 |
| 1.1.4 | Енергетска ефикасност (изборен) (ЕЕ, М3-2, 2+2) 2011/15 | 6,0 |
| 1.1.5 | Експлоатација и одржување на енергетски системи (изборен) (ЕЕ, М3-22, 2+2) 2011/15 | 6,0 |
| 1.1.6 | Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи (ПТИ, М3-1, 3+2) 2011/14 | 4,8 |
| 1.1.7 | Енергетски менаџмент (изборен) (ПТИ, М3-22, 2+2) 2011/14 | 4,8 |
| 1.1.8 | Енергетски системи на гасни горива (изборен) (ПТИ, М3-2, 2+2) 2011/14 | 4,8 |
| 1.1.9 | Заштита од пожар и сигурност при работа (изборен) (ПТИ, М3-22, 2+2) 2011/14 | 4,8 |
| **1.2** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 1.2.1 | Моделирање на процеси на енергетска конверзија (Full Time, ТИ, М5, 6 ЕКТС) | 3,0 |
| 1.2.2 | Општа екологија (Full Time, ЕЕ, М6, 6 ЕКТС) | 4,5 |
| 1.2.3 | Енергетска ефикасност (Part Time, ТИ, 2+2) | 4,5 |
| **1.3** | **Одржување на настава од трет циклус студии** | |
| 1.3.1 | Енергетска ефикасност (ТИ, 6 ЕКТС) | 1,8 |
| 1.3.2 | Современи термоенергетски постројки (ТИ, 6 ЕКТС) | 1,8 |
| **1.4** | **Настава во школи и работилници** | |
| 1.4.1 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – степен 1, во траење од 30 часа, јануари 2013, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.2 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – степен 1 во траење од 30 часа, февруари 2013, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.3 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – степен 1 во траење од 30 часа, ноември 2013, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.4 | Обука за „Енергетски контролори“ во траење од 90 наставни часа, мај - јуни 2014, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.5 | Обука за „Енергетски контролори“ во траење од 90 наставни часа, септември - октомври 2014, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.6 | Обука за „Енергетски контролори“ во траење од 90 наставни часа, ноември - декември 2014, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.7 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – степен 1 во траење од 30 часа, февруари 2014, Струмица. | 1,0 |
| 1.4.8 | Обука за „Енергетски контролори“ во траење од 90 наставни часа, февруари - март 2015, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.9 | Стручен собир за континуирана професионална доедукација (CPD). Мултидисциплинарен аспект на енергетската ефикасност. Аспекти на примената на гасни горива во котларници, хаварии во гасни котларници. Февруари 2015, Скопје (8 поени CPD). | 1,0 |
| 1.4.10 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – степен 1 во траење од 30 часа, февруари 2015, Скопје. | 1,0 |
| 1.4.11 | Основен курс „Оспособување на лица за ракување со природен гас“ – | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | степен 1 во траење од 30 наставни часа, април 2015, Скопје. | |
| **1.5** | **Консултации со студенти** | 1,0 |
| **1.6** | **Ментор на дипломска работа** | 8,0 |
| **1.7** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторат** | 0,5 |
| **1.8** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура** | 3,3 |
| **1.9** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** | 7,3 |
| **1.10** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | Д. Ташевски. Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи, универзитетски учебник, 298 стр., е-издаваштво и дигитална библиотека на УКИМ во Скопје, 2014, (согласност бр.03-187/2 од 11.2.2014). | 8,0 |
| **1.11** | **Интерна скрипта од предавања** | |
| 1.11.1 | Предавања од предметот енергетика и екологија 2011 | 4,0 |
| 1.11.2 | Предавања од предметот енергетска ефикасност 2011 | 4,0 |
| **1.12** | **Научно популарна книга** | |
| | С. Арменски, Д. Ташевски, Љ. Каракашева. Производство на брикети и пелети - прирачник, 85 стр., ЦеПроСАРД, ИСБН 978-608-65330-6-9, Скопје, 2012. | 4,0 |
| **1.13** | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| 1.13.1 | С. Арменски. Сончева енергија – термичка трансформација. Јофи-скен ДООЕЛ, ИСБН 978-608-4588-05-4, Скопје, 2012. | 1,0 |
| 1.13.2 | С. Арменски. Обновливи–Одржливи извори на енергија (трето издание). Европа 92, ИСБН 978-9989-838-36-1, Скопје, 2012. | 1,0 |
| | **Вкупно** | **111,9** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **2.1** | **Ментор на докторска дисертација**<br>Емилија Јакимовска Мишева | 3,0 |
| **2.2** | **Ментор на магистерска работа** | |
| 2.2.1 | Паневски Саше (09.01.2014) | 1,0 |
| 2.2.2 | Блажевски Горан (15.05.2015) | 1,0 |
| 2.2.3 | Козинакова – Ничевска Саша (20.05.2015) | 1,0 |
| **2.3** | **Раководител на национален научен проект** | |
| | Производство на брикети и пелети од земјоделски отпадоци - Агроенергија; ЦеПроСАРД, 2011-2012. | 6,0 |
| **2.4** | **Учесник на национален научен проект** | |
| | Програма за развој на безбедноста и пазарот во Европа и Евроазија – План за имплементација за подобрување на енергетската ефикасност. МАЦЕФ – УСАИД, 2010-2011. | 3,0 |
| **2.5** | **Учесник на меѓународен научен проект** | |
| | Programme in Higher Education, Research and Development (HERD) in the Western Balkans – Energy sector HERD Energy - Quality Improvement of Master programs in Sustainable Energy and Environment (QIMSEE), Project number: 25133300 | 5,0 |
| **2.6** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 2.6.1 | D. Tashevski, I. Shesho. Three-generation Power Plant with High-temperature Fuel Cells for Complex Building. International Journal of Engineering Research and Development, ( e-ISSN: 2278-067X, p-ISSN: 2278-800X), Volume 6, Issue 5, pp. 46-52, India, мarch 2013. (JIF 1,131) | 6,4 |
| 2.6.2 | D. Tashevski, D. Dimitrovski. Optimization of Binary Co-generative Thermal | 5,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Power Plants with SOFC on Solid Fuel. Chemical engineering transaction, vol. 34, pp. 31-36, (DOI: 10.3303/ CET1334006), Italy, 2013. (SJR Thomson Reuters 0,26) | |
| 2.6.3 | I. Shesho, D. Tashevski. Simulation Application for Optimization of Solar Collector Array. International Journal of Engineering Research and Applications (IJERA), Volume 4, Issue 1, pp. 10-19, (ISSN: 2248-9622), India, january 2014. (JIF 1,69) | 6,9 |
| 2.6.4 | D. Tashevski, R. Filkoski, I. Shesho. Optimisation of Binary Cogenerative Thermal PowerPlants with Solid Oxide Fuel Cells on Natural Gas. International Journal of Mechanical Engineering and Technology (IJMET), (ISSN 0976–6359 Online), Volume 5, Issue 1, pp. 122-131, India, january 2014. (JIF 5,77) | 9,4 |
| 2.6.5 | D. Tashevski, R. Filkoski, D. Dimitrovski, I. Shesho. Analysis of Parameters Affecting the Efficiency Optimization of Binary SOFC Co-generation Power Plants. International Journal of Mechanical Engineering and Technology (IJMET), (ISSN 0976–6359 Online), Volume 5, Issue 10, pp. 180-190, India, october 2014. (JIF 7,5377) | 8,1 |
| **2.7** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 2.7.1 | I. Shesho, D. Tashevski. Developing simulation application using graphical programming language for optimization of solar collector position. Mechanical engineering scientific journal, Vol. 31, No. 1, pp. 63-75, Skopje, 2013. | 3,6 |
| 2.7.2 | D. Dimitrovski, E. Kitanovska, M. Dimitrovski, D. Tashevski. Emission of carbon dioxide from diesel engines with emphasis on emissions in republic of Macedonia. Mechanical engineering scientific journal, Vol. 32, No. 1, pp. 91 - 98, Skopje, 2014 | 2,4 |
| 2.7.3 | I. Sheso, S. Armenski, D. Tashevski, D. Dimitrovski. Preformance assesment of solar heating and cooling systems. Mechanical engineering scientific journal, Vol. 32, No. 2, pp. 143-156, Skopje, 2014. | 2,4 |
| **2.8** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 2.8.1 | Д. Ташевски, И. Шешо. Интегрирана ТЕП на биогас-дигестер/ гаснотурбинска комбинирана ТЕП. Меѓународно советување „Енергетика 2012“, ЗЕМАК, Зборник на реферати бр.1, стр. 57-66, Охрид, 4-5 октомври 2012. | 1,8 |
| 2.8.2 | И. Шешо, Д. Ташевски. Анализа на термичкиот комфорт и енергетска ефикасност кај системите со индуктивни вентило-конвектори. Меѓународно советување „Енергетика 2012“, ЗЕМАК, Зборник на реферати бр.2, стр. 777-789, Охрид, 4-5 октомври 2012. | 1,8 |
| 2.8.3 | Ј. Пислевиќ, Д. Ташевски. Енергетска ефикасност на зградата на Фармахем. Втора студенска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој“, ФЕИТ, Зборник на трудови, стр.62, Скопје, 24-26 април 2014. | 1,8 |
| 2.8.4 | Д. Ташевски, Д. Димитровски, И. Шешо. Енергетска анализа на ТЕП со високотемпературни горивни ќелии на природен гас. Меѓународно советување „Енергетика 2014“, ЗЕМАК, Зборник на реферати бр.1, стр. 169-178, Струга, 16-18 октомври 2014. | 1,6 |
| 2.8.5 | И. Шешо, Д. Ташевски. Нумеричко моделирање со енергетска анализа на систем за греење и ладење со сончеви колектори. Меѓународно советување „Енергетика 2014“, ЗЕМАК, Зборник на реферати бр.1, стр. 313-322, Струга, 16-18 октомври 2014. | 1,9 |
| 2.9 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен стручен одбор** | |
| 2.9.1 | D. Tashevski, D. Dimitrovski. Optimization of binary co-generative thermal | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | power plants with SOFC on solid fuel. 7th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems - SDEWES 2012, Ohrid, CET-OH12-011, 1-7 july 2012 | |
| 2.9.2 | D. Dimitrovski, M. Dimevska, D. Tashevski. Strategic connection of Republic of Macedonia to the European natural gas streams. International gas conference of South Eastern Europe, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 2012. | 2,4 |
| 2.9.3 | D. Tashevski, D. Dimitrovski, Z. Markov, I. Shesho. Energy and Ecology Benefits of Independent SOFC/Gas Turbine Co-generation Power Plant on Natural Gas. 1st Internatinal U.O.C. – B.E.N.A. – Conference The Sustainability of Pharmaceutical, Medical and Ecological Education and Research - SPHAMEER 2013, p. 6, Constanca, Romania, 20-23 june, 2013. | 1,8 |
| 2.9.4 | D. Dimitrovski, M. Dimitrovski, K. Belcheska Arizankoska, D. Tashevski, M. Kocubovski. Biofuels part in the energy balance od Macedonia for achieving the climatic – energy scenario 20/20/20 of the EU for renewable energy sources. 1st Internatinal U.O.C. – B.E.N.A. Conference The Sustainability of Pharmaceutical, Medical and Ecological Education and Research - SPHAMEER 2013, p. 6, Constanca, Romania, 20-23 june, 2013. | 1,8 |
| 2.9.5 | D. Dimitrovski, M. Dimitrovski, G. Popsimonova, D. Tashevski. Biogas – Overview of the Possibilities for Implementation in the Macedonian Agricultural Sector. 16th Symposium on Thermal Science and Engineering of Serbia – SIMTERM 2013, p. 11, Sokobanja, Serbia, 22-25 october, 2013. | 1,8 |
| 2.9.6 | D. Dimitrovski, M. Dimitrovski, E. Kitanovska, D. Tashevski. Pollution from Diesel Engines do to Increase of Importet Vehicles in FYR-Macedonia. 1st International Medical Coneference „Environment and Public Health" MED ENV 2014, Mamaia, Romania, 12-14 september 2014. (2nd Award) | 1,8 |
| 2.9.7 | I. Shesho, S. Armenski, D. Tashevski, D. Dimitrovski. Energy and economic analysis for solar-assisted air conditioning systems in Macedonia. WSED 2015 Energy Efficiency Conference, poster presentations, Wels, Austria, february 2015. | 1,8 |
| | **Вкупно** | **87,8** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **3.1** | **Рецензент на учебник за средно образование** | |
| | „Топлотна техника" за II година за четиригодишно стручно образование, струка рударско-геолошка и металуршка, образовен профил: металуршки техничар, Министерство за образование и наука на РМ, Скопје, 2012. | 0,5 |
| **3.2** | **Експертски активности** | |
| 3.2.1 | Р. Филкоски, Д. Ташевски, С. Арменски, З. Марков. Стручно вештачење за неможност на врел старт, конструктивен проблем на гасната турбина, латентни и други несакани дефекти при монтажа и пуштање во работа на ТЕ-ТО АД Скопје, бр.07-3270/5, Скопје, декември 2013. | 1,0 |
| 3.2.2 | Д. Ташевски, Р. Филкоски, М. Димитровски, Д. Димитровски. Стручно вештачење за висина на штета предизвикана при догенерација на топлинска енергија од Топлификација АД Скопје кон Снабдување со топлина, Дистрибуција на топлина и Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје за Друштво за дистрибуција на топлинска енергија Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје, бр. 1538/5, Скопје, 2014. | 1,0 |
| 3.2.3 | Д. Ташевски, Р. Филкоски, И. Шешо. Стручно вештачење на точноста на мерењето на топлинска енергија со технолошко мерило за топлинска енергија – калориметар која ТЕ-ТО АД Скопје ја предава во | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | дистрибутивниот систем за топлинска енергија за потребите на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, бр. 10-615/5, Скопје, март 2015. | |
| 3.2.4 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна вртлива противпожарна врата „1PPV-120“ со отпорност на пожар од 120 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др., бр. 07-367/5, Скопје, февруари 2011. | 1,0 |
| 3.2.5 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна и двокрилна лизгачка противпожарна врата „1PPL-90“ и „2PPL-90“ со отпорност на пожар од 90 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др., бр. 07-615/5, Скопје, март 2011. | 1,0 |
| 3.2.6 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на двокрилна вртлива противпожарна врата со стаклени површини „2PPVS-90“ со отпорност на пожар од 60 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др., бр. 07-3165/5, Скопје, ноември 2011. | 1,0 |
| 3.2.7 | Д. Ташевски. Енергетска контрола на училишни објекти во надлежност на локалната самоуправа, општини Ѓорче Петров и М. А. Ченто. МАЦЕФ, Скопје, Јануари, 2011. | 1,0 |
| 3.2.8 | Д. Ташевски. Енергетска контрола на основно училиште Ванчо Китанов, Пехчево, МАЦЕФ, Скопје, март 2012. | 1,0 |
| 3.2.9 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна вртлива противпожарна сигурносна врата „МППСВ 30“ со отпорност на пожар од 30 минути за ТДП МИЛСОН ДООЕЛ, бр. 07-893/5, Скопје, март 2012. | 1,0 |
| 3.2.10 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилни вртливи противпожарни врати „OG1PPV-30“, „OG 1PPV-60“, „OG 1PPV-90“, „OG 1PPVS-30“со отпорност на пожар од 30, 60, 90 минути за ОПРЕМА ГРАДИНГ, бр. 07-1958/5, 1958/7, 1958/9, 2264/3, Скопје, јули-август 2012. | 1,0 |
| 3.2.11 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на противпожарни врати „ЗР-М-1“, „ЗР-М-2“, „ЗР-М-3“, „ЗР-М-Ш-1“ со отпорност на пожар од 30, и 90 минути за ЗЛАТНА РАКА - М, бр. 07-2967/5, 2967/7, 2967/9, 2967/11, Скопје, ноември 2012. | 1,0 |
| 3.2.12 | Д. Ташевски. Извештај од енергетска контрола на ЈОУДГ „Ангел Шајче“ објект „Буба Мара“, бр. 07-235/5, Скопје, јануари 2013. | 1,0 |
| 3.2.13 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на противпожарни ѕидови во објектот ф-ка за кабли „Дрекслмајер“ од Кавадарци со отпорност на пожар од 90 минути за ДОО ИГМ Траде Илија и др., Кавадарци, бр. 07-651/4, Скопје, март 2013. | 1,0 |
| 3.2.14 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на противпожарни врати „ЗР-ДВ-1“ и „ЗР-ДВС-1“ со отпорност на пожар од 90 минути за ЗЛАТНА РАКА - М, бр. 07-1387/5 и 1387/7, Скопје, јуни 2013. | 1,0 |
| 3.2.15 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на сигурносна противпожарна и противпожарна врата „Е-34“ и „Е-90“, со отпорност на пожар од 30 и 90 минути за ЕРКА Инженеринг ЛТД, бр. 07-1209/5, 1209/7, Скопје, јуни 2013. | 1,0 |
| 3.2.16 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна „СЕФ 90-1“ и двокрилна вртлива противпожарна врата „СЕФ 90-2“ со отпорност на пожар од 90 минути за СЕФ ДООЕЛ, бр. 07-3443/5 и 07-3443/7, Скопје, ноември 2013. | 1,0 |
| 3.2.17 | Д. Ташевски, Р. Филкоски, Д. Димитровски, И. Шешо. Технички извештај за хаваријата на топловоден котел на течен нафтен гас сместен во објектот „Cevahir residence and mall project“ во Скопје за Цевахир | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Гуруп Истанбул Р. Турција, Подружница во Р. Македонија, бр.07-1983/4, Скопје, декември 2013. | |
| 3.2.18 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна и двокрилна противпожарна врата „1PPVM-90“ и „2PPVM-90“ со ентериерски облоги со отпорност на пожар од 90 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др., бр. 07-275/5-6, Скопје, јануари 2014. | 1,0 |
| 3.2.19 | Д. Ташевски. Технички извештаи од извршените пресметки на отпорност на пожар на еднокрилна и двокрилна вртлива противпожарна и противдимна врата „PP 60-1/SMOKE“ и „PP 60-2/SMOKE“ со отпорност на пожар од 60 минути за СЕФ ДООЕЛ, бр. 07-965/4-6, Скопје, март 2014. | 1,0 |
| 3.2.20 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на пртивпожарен лизгачки капак „МППЛК-90“ со отпорност на пожар од 90 минути за ТДП МИЛСОН ДООЕЛ, бр. 07-1072/4, Скопје, април 2014. | 1,0 |
| 3.2.21 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на пртивпожарен лизгачки капак „ППЛК-90“ со отпорност на пожар од 90 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др, бр. 07-1272/4, Скопје, април 2014. | 1,0 |
| 3.2.22 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на двокрилна пртивпожарна вртлива врата „ Е 90-2“ со отпорност на пожар од 90 минути за ЕРКА Инженеринг ЛТД Скопје, бр. 07-1542/4, Скопје, мај 2014. | 1,0 |
| 3.2.23 | Д. Ташевски. Технички извештај од извршените пресметки на отпорност на пожар на пртивпожарна еднокрилна врата „1PPVM-60“ со отпорност на пожар од 60 минути за МЕТАЛТЕХНА ДОО Ѓорѓе и др, бр. 07-3885/4, Скопје, декември 2014. | 1,0 |
| 3.2.24 | Елаборат за физички карактеристики на згради и заштеда на енергија за нестанбен објект „Катна гаража – Е2“ на ул. „11-ти октомври“ општина Центар, тех. број 08/14, Скопје, август 2014. | 1,0 |
| 3.2.25 | Консултантски услуги со ЕЛЕМ. Договор за консултантски услуги бр. 11-5582/1 од 04.11.2013 (по Ј.Н.01-114/2013) | 1,0 |
| **3.3** | **Главен (основен) проект** | |
| 3.3.1 | Д. Ташевски, Р. Филкоски. Главен машински проект – Воздушно греење на ОУ Шутово, о. Осломеј, ноември 2011. | 4,0 |
| 3.3.2 | Д. Ташевски, И. Шешо. Основен проект – Машинство. Термотехнички инсталации и постројки за станбено – деловен објект на ул. Генерал Михајло Апостолски, тех.бр. 226/2012, Штип, мај 2012. | 4,0 |
| **3.4** | **Ревизија** | |
| | М. Серафимов, Д. Ташевски. Ревизија за основен проект на надворешен гасоводен приклучок од МРС до МРП (котларница) во "ПЕТ центар" – Скопје, ноември 2014. | 1,0 |
| **3.5** | **Раководител на лабораторијата за топлински турбини при Институтот за ТИ на МФ во Скопје** | 1,0 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| **3.6** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 3.6.1 | ЗЕМАК – Здружение на енергетичари на Македонија | 1,0 |
| 3.6.2 | ДТМ – Друштво на термичарите на Македонија | 1,0 |
| 3.6.3 | МАЦЕФ – Македонски центар за енергетска ефикасност | 1,0 |
| 3.6.4 | Комора на овластени архитекти и овластени инженери - Комисија за енергетска ефикасност | 1,0 |
| 3.6.5 | ЕЛЕМ - Комисија за набавка и член на тимот за консултантски услуги | 1,0 |
| 3.6.5 | SDEWES – Sustainable Development of Energy, Water and Environment | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Systems | |
| 3.6.6 | ASCI – Adria Section of Combustion Institute | 1,0 |
| | **Вкупно** | **42,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **111,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **87,8** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **42,5** |
| **Вкупно** | **242,2** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Константин Димитров с.р.**

**Проф. д-р Славе Арменски с.р.**

**Проф. д-р Миле Димитровски с.р.**